Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11, 192/15,209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ( "Службен весник на Република Македонија"број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( "Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Законот за минимална плата (Службен весник број 239 од 19.11.2019 година ) член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/2005), и Колективен договор за вработените во Општина Битола 08-938/1 од 29.08.2022 година Советот на Општината Битола на 48-та седницата одржана на ден 25.12.2024 година, донесе

**Одлука**

**за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2025 година**

Член 1

Буџетот на Општината Битола за 2025 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:

Основен Буџет (општ, посебен и развоен дел);

Буџет на самофинансирачки активности;

Буџет на донации ,

Буџет на дотации и

Буџет на заеми.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои локалните јавни установи не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на Буџет на Општината.

Доколку во текот на годината има отстапување во приходниот и расходниот дел, Градоначалникот предлага да се изврши измена и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 7

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на Општината и локалните јавни установи ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на Општината и локалната јавна установа, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрено одобрување од Советот на Општината и тоа во висина до 20%, а одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџет не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%.

Проширувањето во рамките на одобрените Буџети на Општината и локалните јавни установи ја одобрува Советот на Општината и можи да се врши на сите сметки освен на основниот буџет.

Член 8

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџет на заеми, буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал локалната јавна установа го извршува врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Буџетските корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува, до Градоначалникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови и квартални извештаи по истекот на кварталот.

Член 11

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

Член 12

Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општината Битола за присуство на седниците на Советот изнесува 70 % од просечната месечна нето плата во Републиката, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30 % од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Совет не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува , доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на општината им се исплатува надоместок за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 13

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи, односно нето платите се утврдуваат:

- коефициентот за утврдување на плата за избраните и именувани лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината , а вредноста на коефициентот за плата се утврдува согласно законските прописи, односно одредбите од Законот за именување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ( Службен весник на Р.М. бр 42/10,139/14).

За вработените во општинската администрација:

- За останатите вработени во Општинската администрација кои немаат статус на државни службеници платата се пресметува и исплаќа по Колективен договор на ниво на работодавач.

- За вработените во Противпожарната единица платата се пресметува и исплаќа по Колективен договор на ниво на работодавач.

- За државните службеници плата се пресметува и исплаќа по Колективен договор на ниво на работодавач, а вредноста на бодот за платите на државните службеници се утврдува врз основа на посебна Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници донесена од страна на Советот на општината.

Член 14

На вработените во Општинската администрација им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор по Колективен договор на ниво на работодавач.

Член 15

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Надоместокот за дневница за службено патување во земјата се пресметува и исплаќа по Колективен договор на ниво на работодавач.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 16

Надоместокот за дневница за патување во странство се исплатува и тоа:

-50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,како и во случаи кога сместувањето не паѓаат на товар на органот на управата,

-20% од утврдената дневница,ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.

-5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа ,а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

-една дневница- за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и

-половина дневница за време до 12 часа поминати на службено патување во странство , како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

Член 17

Во случај на боледување подолго од шест месеци на вработениот во Општината и локалните јавни установи му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на Општина Битола на ставка 464990- Разни трансфери програма Е0- Општинска администрација, додека за вработените во локалните јавни установи исплатата ќе се врши од сметките за блок дотации од ставка 464990- разни трансфери од програмите Н1- Основно образование,

Н2- Средно образование, В1- Детски градинки, В2- Старски дом и К3- Музејска и кинотечна дејност.

Член 18

Исплатата по основ на  на смрт на вработен или смрт на член на потесно семејство ќе се врши согласно одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор ( Службен весник  број 154/2023 година)" во општината и локалните јавни установи.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на Општина Битола  на ставка 464990- Разни трансфери  програма Е0- Општинска администрација, додека за вработените  во локалните јавни установи  исплатата ќе се врши  од ставка 464990- Разни трансфери  од сметките за блок дотации од програмите Н1- Основно образование, Н2- Средно образование, В1- Детски градинки, В2- Старски дом и К3- Музејска и кинотечна дејност.

Член 19

Отпремнината при заминување во пензија на  вработениот во општината  и локалната јавна установа е во висина на  две просечни исплатени  месечни нето плати исплатена во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена за вработените во општинската администрација се планираат  во ставката 464940- Трансфери при пензионирање во потпрограмата ЕО – Општинска администрација, додека за вработените во локалните јавни установи исплатата ќе се врши  од ставка 464940- Трансфери при пензионирање од сметките за блок дотации од програмите Н1- Основно образование, Н2- Средно образование, В1- Детски градинки, В2- Старски дом и К3- Музејска и кинотечна дејност.

Член 20

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во висина до 6.000,00 денари  каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 21

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи,  од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот.

За користење на средства од резервите до износ од најмногу 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

Член 22

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 23

"Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието, територијалните противпожарни единици и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерството за Финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација".

Член 24

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи ,кои се финансираат со блок дотации се спроведува на следниот начин:

-средствата се планираат на сметка-дотации (930), а се извршуваат преку сметката - дотации на локални јавни установи (903),

-локалните јавни установи финансирани со блок дотации се должни до 20-ти во тековниот месецот да достават до општината барање за одобрување на средства за плати за претходниот месец кон кое ќе ги приложат следните обрасци:ПДД-МП,МП-1,копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1,а за новите вработувања кои се финансирани од блок дотации се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за Финансии и се приложува образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за Финансии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за Финансии за контрола и евиденција.

Член 25

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќаат првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 26

Средствата утврдени во пооделни програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветното јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 27

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од програма Е0- Општинска администрација расходно конто 464990- Разни трансфери врз основа на донесено решение од Градоначалник, согласно Колективниот договор на ниво на работодавач.

Вработените во локалните јавни установи исплатата ќе ја вршат од ставка 464990- Разни трансфери од сметките за блок дотации или сметките за Самофинансирачки активности од програмите Н1- Основно образование, Н2- Средно образование, В1- Детски градинки, В2- Старски дом и К3- Музејска и кинотечна дејност.

Член 28

Буџетот на Општината Битола се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 29

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-159/11
25.12.2024 год
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Габриела Илиевска